РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 22-09-2021
Орг. Единица / Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
03 - 1443/75

**ОПШТИНА ДОЈРАН**
***Градоначалник***
**Кеј 5-ти Ноември б.б., Стар Дојран, 1487**
**тел/фак: +389 34 225 278**
**e-mail: dojran@t.mk**
**Стар Дојран**

**Бр. 09 – 1046/2** **13.08.2021 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија", бр.90/2009 и 188/2013 и 192/15), Градоначалникот на Општина Дојран, го донесе следното ,

**РЕШЕНИЕ**
**за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција**

1. Се определува **Наташа Донева,** Административниот службеник од прво ниво од В категорија-УПР 01 01 В01 000-Советник за правни работи и управување со градежно земјиште во Одделението за управување со градежно земјиште, за лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција во Општина Дојран.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Градоначалникот на општината има обврска да назначи лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција во Општина Дојран, а со цел да се спречи ризикот од неправилности и измами и преземање на дејства против неправилностите и измамите.

Лицето кое е определено да известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција е должно за неправилностите кои ќе ги утврди, да презема мерки и за тоа да ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција и Финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.

Имајќи го во предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се поднесе жалба до, во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

**ДОСТАВЕНО ДО :**
**- административниот службеник;**
**- персонално досие;**
**- архива**
**- Државната комисија за спречување на корупција**

Дарко Качаков, раководит. на оддел.
За правни и општи работи јавни дејности и
Управување со човечки ресурси

Градоначалник
На Општина Дојран
Анго Ангов